**Влада на Република Северна Македонија**

# З А П И С Н И К
**од Сто четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2019 година**

**Скопје, јули 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2019 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Хусни Исмаили, министер за култура, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- ✓ Усвојување на Записникот од 139-та седница на Владата, одржана на 11 јуни 2019 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 142-та седница на Владата, одржана на 4 јули 2019 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Статус на реализација на Рамковниот договор

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Информација за објавување на јавен повик за пренесување на правото на градење на објект за потребите на Јавното претпријатије за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, со Предлог-одлука за давање на согласност на јавниот повик за пренесување на право на градење

2. Извештај за работењето на АД „МИА“-Скопје за 2018 година, Годишен финансиски извештај за 2018 година, Годишна сметка за 2018 година, Ревизорски извештај за 2018 година и Извештај од извршена контрола од Надзорен одбор, со Предлог-одлуки

3. Извештај за извршени контроли на површини засадени со анасон во сите категории и список на економски оператори за 2018 година

4. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија и Бугарската агенција за промоција на мали и средни претпријатија при Министерство за економија на Република Бугарија

5. Информација за спроведени активности за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари (за период од 29.12.2018 до 30.06.2019 година)

6. Предлог-одлука за продажба на движни ствари

7. Информација за досегашната работа и понатамошните потреби на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија

8. Статут на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

9. Информација во врска со потребата од донесување на Одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија предвидено со урбанистички план за изградба на објект од јавен интерес - групно домување, со Предлог-одлука

10. Информација за спроведен скрининг (peer review) во Дирекцијата за заштита и спасување во период од 15-25 октомври 2018 година, согласно Програмата за peer reviews во рамките на ЕУ соработката за цивилна заштита и управување со ризици од катастрофи за 2018-2019 година

11. Информација за потребата од воспоставување на информативни табли

12. Информација во врска со постапување по Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11) ДП.Бр.02-350/18

13. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности КО Струга

14. Предлог-одлука за продажба на движна ствар-патничко моторно возило (Основен суд Гевгелија)

15. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Етно астрономија/стара небесна карта на македонскиот народ“ за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

16. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Велигденски игри во Порече” за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

17. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Дита е вер’с кај Албанците во Република Северна Македонија” за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

18. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Побратимството на Говедар Камен” за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

19. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Ѕвончарски занает во Битола” за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

20. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Традиционален спорт и вештина Пеливанството во Каршијак, Општина Студеничани“ за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

21. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро Традиционалното знаење и вештини на изработка и свирење на кавал за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

22. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Џоломарите од с.Бегниште, Кавадаречко” за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

23. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Лазарките од Дримкол” за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

24. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Песни со извикување во македонскиот музички фолклор“ за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

25. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Женската поворка Иванденка од Ресен" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

26. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Лазарките од Струшко Поле" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

27. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Обичајот Мартинки" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

28. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Машка поворка Мечкари од Прилеп" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

29. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Машка велигденска поворка Кули во Македонски Брод" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

30. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Женска обредна поворка Водичарки од с.Беранци-Битолско" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

**б) економски систем и тековна економска политика**

31. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година

32. Информација за проширување на Програмата за наводнување на Република Северна Македонија преку обезбедување на допоплнителни средства од развојниот заем на Владата на СР Германија и КФВ банката

33. Информација за потпишување на Протокол за соработка помеѓу Република Турција - Претседателство на Турска Агенција за соработка и координација и Република Северна Македонија Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за поддржување на Програмата за безбедносна храна и квалитетен живот во Македонија

34. Инфоормација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување-викенд куќа КО Лазаровци, Општина Кичево, со Предлог-одлука

35. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Трубарево, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука

36. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Сашко Димитров ул.11-ти Октомври бр.9, Росоман, со Предлог-одлука

37. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Игор Милошевиќ ул.Маршал Тито бр.25, Росоман, со Предлог-одлука

38. Информација со Предлог-одлуки за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година

39. Информација во врска со потреба од формирање на Научен комитет за генетски модифицирани организми / ГМО со Предлог-одлука за изменување на Одлука за формирање на Научен комитет за генетски модифицирани организми

40. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - керамичка глина на локалитетот „Бодевица" - Кучов Рид Општина Пехчево, со Предлог-одлука

41. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Центро - Бизнис, Виница, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

42. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Мис - Стон, Василево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

43. Информација за 162-та седница на Одборот на директори на претпријатието за Нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажана за 17.7.2019 година

44. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку-гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018-2020 година, за алокацијата за 2018 година - CRIS 2018/041-473

**в) политички систем**

45. Информација за примена на член 41 став (2) од Законот за извршување од страна на правните лица кои водат регистри во Република Северна Македонија

46. Информација за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година (полугодишен извештај за периодот септември 2018 - февруари 2019 година)

47. Информација за потребата од изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата и воведување на нов модул во Мултиплатформскиот систем за колаборација за Е-седница на Владата

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

48. Информација за текот и прогресот на постапката за набавка на лабораториски тестови за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија

49. Информација за текот и прогресот на постапката за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

50. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“, Општина Старо Нагоричане

51. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Крушево

52. Предлог-решенија за формирање комисии за спроведување на постапки за доделување концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони

### б) политички систем

53. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан

54. Барање на Един Нурче за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

55. Барање на Алма, Хана и Дарис Демири за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

56. Барање на Алија Беќироски за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

### в) човечки ресурси и одржлив развој

### г) предлози по кои Владата дава мислење

#### (а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија

57. Предлог на закон за дополнување на Законот за правда за децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

58. Годишна програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2019 година, Извештај за реализирани активности за 2018 година и Финансиски извештај за 2018 година

59. Барање за давање на автентично толкување на член 266 став (2) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012; 145/2012; 87/2013; 164/2013; 39/2014; 43/2014; 132/2014; 188/2014; 10/2015; 61/2015; 154/2015; 192/2015; 17/2016; 37/2016; 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), поднесено од пратеникот Бетиане Китев

60. Барање за давање на автентично толкување на членови 250, 251 и 252 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012; 145/2012; 87/2013; 164/2013; 39/2014; 43/2014; 132/2014; 188/2014; 10/2015; 61/2015; 154/2015; 192/2015; 17/2016; 37/2016; 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), поднесено од пратеникот Бетиане Китев

61. Барање за давање на автентично толкување на член 10 став 1 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/06, 54/07, 74/12 и 99/18), поднесено од пратеникот Трајчо Димков

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

62. Статут на Универзитет Американ Колеџ Скопје

63. Понуда од нотар Соња Стојчева за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100365 за КО Нов Дојран на КП бр.1253 викано место Манастир.

64. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67074 и Имотен лист бр.68824 за КО Маџари на КП бр.2465 викано место/улица Зендел Джемаил

65. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.58701 КО Берово на КП бр.3549 викано место Сремски Фронт

66. Понуда од нотар Никола Спасовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1150 КО Драчево на КП бр.10661 викано место/улица Драчево

67. Заклучок од Извршител Елена Стрезоска од Охрид за прва усна јавна продажба, доставена под И.бр.447/2018

**д) други предлози**

68. Кадровски прашања

69. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

70. Извештај за работењето на ЈП Стрежево Битола за првото тромесечие од 2019 година

71. Извештај за финансиското работење на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката Скопје за периодот од 1.10.2018 до 31.12.2018 година

72. Информација во врска со Преддоговор за уредување на меѓусебните права и обврски за соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул.“Симеон Кавракиров“ бр.5 и бр.7 во Скопје со ДГТУ БАУЕР БГ ДОО Скопје

73. Информација во врска со Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул.“Вангел Тодоровски“ бр.15 и 17 во Скопје со Саник билдинг ДООЕЛ Скопје

74. Информација за нови позитивни случаи на инфективна анемија кај копитари (за период од 1.10.2017 до 30.6.2019 година)

75. Годишен извештај за работа на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за 2018 година

76. Информација за реализација на вон наставните активности во училиштата поврзани со антикорупциска едукација на учениците

77. Информација за сите наплатени средства за 2018 година по основ на платен концесиски надоместок за доделени концесии за детални геолошки истражувања и за експлоатација на минерални суровини

78. Годишен извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија

79. Информација за текот и прогресот на постапката за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија

80. Информација за потребата од зајакнување на патронажната дејност и пружање на здравствени услуги во заедницата

81. Информација за евалуација на критериумите за најповолна понуда, дел од постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

82. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

83. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Градско Балдовци, Општина Струмица, со Предлог-одлука

84. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Воведување на вакцинација против пневмокок и рота вирус"

85. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2020 година

86. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на видот и висината на месечните парични примања за намирување на неопходните лични потреби и патните трошоци за доаѓање на академијата и враќање дома на почетокот и крајот на секоја студиска година и при полугодишниот распуст, како и патни трошоци при упатување на пракса од академијата одобрени од деканот на академијата за време на студиите на питомците и на лицата кои се упатени на стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии за потребите на Армијата

87. Информација за спогодба за соработка помеѓу Канцеларијата за информациски технологии и електронска управа на Република Србија и Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија во областа на дигиталната трансформација

88. Информација за формирање Работна група за презентација на Република Северна Македонија на ITU Telecom World 2019

89. Информација за Анализа на состојбата на ИКТ кадар во администрацијата

90. Барање за давање на автентично толкување на член 105 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" број 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), поднесено од пратеникот Драган Данев

*

*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 139-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јуни 2019 година и Записникот од 142-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јули 2019 година

*

*  *

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на годишнината на Охридскиот рамковен договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да дефинира програма и технички детали за спроведување на програмата како и да ги преземе сите други активности за организација и одбележување на овој настан.

2. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да ги покрива трошоците за организацијата и одбележувањето на годишнината од потпишувањето на Охрдискиот рамковен договор.

*
* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за објавување на јавен повик за пренесување на правото на градење на објект за потребите на Јавното претпријатије за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на јавниот повик за пренесување на право на градење на објект за потребите на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"- Скопје што треба да се усогласи со мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по Извештајот за работењето на АД „Медиумска информативна агенција" - Скопје за 2018 година, Годишниот финансиски извештај за 2018 година, Годишната сметка за 2018 година, Ревизорскиот извештај за 2018 година и Извештајот од извршена контрола од Надзорниот одбор, со Предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост во 2018 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2018 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за 2018 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст и

4. Новиот текст на Одлуката за распределба на добивката од деловната 2018 година на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го разгледа Извештајот за извршени контроли на површини засадени со анасон во сите категории и список на економски оператори за 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да подготви сублимирана информација од извештаите за извршени контроли на површини засадени со анасон за 2018 година доставени од Државниот инспекторат за земјоделство, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и извештајот кој треба да го достави Управата за јавни приходи и истата да ја достави до Владата во рок од 15 дена.

2. Се задолжува Државниот инспекторат за земјоделство во рок од 15 дена до Владата да достави информација со список за сите земјоделски производи за кои смета дека треба да се направат заострени контроли за евентуална злоупотреба на финансиската поддршка.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата со усогласен текст на Меморандум за разбирање за поттикнување на трговската и економската соработка помеѓу малите и средни претпријатија со Бугарската агенција за промоција на мали и средни претпријатија (БСМЕПА) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија и Бугарската агенција за промоција на мали и средни претпријатија при Министерство за економија на Република Бугарија.

2. Се овластува Иле Митковски, директор на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија да го потпише усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија и Бугарската агенција за промоција на мали и средни претпријатија при Министерство за економија на Република Бугарија.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени акивности за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари (за периодот од 29 декември 2018 година до 30 јуни 2019 година) и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да ги спои во една Информација: Информацијата за нови позитивни случаи на инфективна анемија кај копитари (за периодот од 1 октомври 2017 до 30 јуни 2019 година) и Информацијата за спроведени активности за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари (за периодот од 29 декември 2018 година до 30 јуни 2019 година) и нова единствена Информација за состојбата со

болеста инфективна анемија кај копитари да достави до Владата на Република Северна Македонија на 1 февруари 2020 година.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, кој предлагачот претходно редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за досегашната работа и понатамошните потреби на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за наредната седница на Владата поради дополнителни усогласувања.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на Одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија предвидено со урбанистички план за изградба на објект од јавен интерес - групно домување, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведен скрининг (peer review) во Дирекцијата за заштита и спасување во период од 15 до 25 октомври 2018 година, согласно Програмата за peer reviews во рамките на ЕУ соработката за цивилна заштита и управување со ризици од катастрофи за 2018-2019 година и Финалниот Peer review Извештај за Република Северна Македонија 2018 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Финалниот Peer review Извештај за Република Северна Македонија 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, најдоцна до 1 септември 2019 година, да изготви анализа на Финалниот Peer review Извештај за Република Северна Македонија 2018 година, со која треба да се опфатат препораките дадени во Извештајот и начинот на имплементација на

истите и до 30 септември 2019 година до Владата да достави план со конкретни насоки, како и динамика на имплементација на препораките од Финалниот Peer review Извештај за Република Северна Македонија 2018 година.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од воспоставување на информативни табли и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да постави информативни табли за воспоставување на зелена - брза лента во која треба да се движат товарните моторни возила кои превезуваат земјоделски производи, лесно расипливи стоки, лесно запаливи материи, празни камиони и овластени економски оператори, на следниве Гранични премини: - ГП Табановце - излез; - ГП Богородица - влез и излез; - ГП Ново Село - влез и излез; - ГП Меџитлија - влез и излез; - ГП Ќафасан - влез и излез.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапување по Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11) ДП.бр.02-350/18, со дополнувањето кон неа, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт и врски, во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија да пристапи кон изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост, во смисла на тоа да се овозможи репрограмирање на долговите на корисниците/сопствениците на предметните станови во општествена сопственост и во рок од 30 дена до Владата да го достави текстот на предлог-законот.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности КО Струга и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Етно астрономија/стара небесна карта на македонскиот народ" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Велигденски игри во Порече" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Дита е вер'с кај Албанците во Република Северна Македонија" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Побратимството на Говедар Камен" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Ѕвончарски занает во Битола" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Традиционален спорт и вештина Пеливанството во Каршијак, општина Студеничани" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на традиционалното знаење и вештини на изработка и свирење на кавал за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Џоломарите од с.Бегниште, Кавадаречко" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријално културно добро „Лазарките од Дримкол" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Песни со извикување во македонскиот музички фолклор" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Женската поворка Иванденка од Ресен" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Лазарките од Струшко Поле" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Обичајот Мартинки" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Машка поворка Мечкари од Прилеп" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за прогласување на нематеријално културно добро „Машка велигденска поворка Кули во Македонски Брод" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Женска обредна поворка Водичарки од с.Беранци - Битолско" за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година за наредната седница на Владата поради дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за проширување на Програмата за наводнување на Северна Македонија, преку обезбедување на дополнителни средства за зголемување на развојниот заем од Владата на Сојузна Република Германија и КФВ банката и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се прифаќа предлогот за проширување на Програмата за наводнување на Северна Македонија и се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за финансии, во соработка со КФВ банката да пристапат кон подготовка и потпишување на Записник од мисијата за оценка на Програмата одржана во периодот од 8 до 11 јули 2019 година.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја координира работата во врска со проширувањето на Програмата за наводнување на Република Северна Македонија преку обезбедување на дополнителни средства од развојниот заем на Владата на Сојузна Република Германија и КФВ банката.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство да подготват и во рок од 15 дена да достават одговор до КФВ банката и Владата на Сојузна Република Германија во насока на прифаќање на зголемениот развоен заем во износ од 80 милини евра и грант средствата од 2,8 милиони евра.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Протокол за соработка помеѓу Република Турција - Претседателство на Турска Агенција за соработка и координација и Република Северна Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за поддржување на Програмата за безбедносна храна и квалитетен живот, со нов усогласен текст на Протокол и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и прифати новиот усогласен текст на Протоколот за соработка помеѓу Република Турција - Претседателство на Турска Агенција за соработка и координација и Република Северна Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за поддржување на Програмата за безбедносна храна и квалитетен живот во Македонија.

2. Се овластува Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да го потпише Протоколот за соработка помеѓу Република Турција - Претседателство на Турска Агенција за соработка и координација и Република Северна Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за поддржување на Програмата за безбедносна храна и квалитетен живот во Македонија.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето изнесено во новото Мислење на Министерството за финансии, односно евентуалните фискални импликации кои би настанале со имплементација на Протоколот, да се обезбедат во рамки на буџетите на надлежните институции.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување - викенд куќа КО Лазаровци, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување - викенд куќа КО Лазаровци, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка

планска документација за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Трубарево, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Трубарево, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

## Точка 36

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Сашко Димитров ул.11-ти Октомври бр.9, Росоман, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија по текстот на материјалот да достави мислење.

## Точка 37

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Игор Милошевиќ ул.Маршал Тито бр.25, Росоман, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата откако претходно ќе се резгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија да достави мислење по Информацијата.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлуки за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Детален урбанистички план за Градски четврти 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10 формирани со Генерален урбанистички план за Крушево), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Детален урбанистички план за Блок 12 од Генерален урбанистички план за Гевгелија), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Детален урбанистички план за Блок 6.3 од Градска четврт 6 од Генерален урбанистички план за Прилеп), во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Детален урбанистички план за Блок 11.4 од Градска четврт 11 од Генерален урбанистички план за Прилеп), во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Генерален урбанистички план за Кратово), во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички план за село Мешеишта), во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и

урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички план за село Василево), во предложениот текст.

8. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Генерален урбанистички план за Тетово), во предложениот текст.

9. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички план за село Брвеница), во предложениот текст.

10. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички план за село Долно Палчиште), во предложениот текст.

11. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Генерален урбанистички план за Крива Паланка), во предложениот текст.

12. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Генерален урбанистички план за Демир Капија), во предложениот текст.

13. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и

урбанистичко-проектна документација за 2018 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Генерален урбанистички план за Делчево), во предложениот текст.

14. Се препорачува на Агенцијата за планирање на просторот, во рок од пет дена до Агенцијата за катастар на недвижности да достави дефинирани граници на плански опфати со координати за локациите опфатени со одлуките за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година.

15. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности по добивање на дефинирани граници на плански опфати со координати за локациите опфатени со одлуките за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година, во рок од 90 дена да изработи ажурирани геодетски подлоги и истите да ги достави до Агенцијата за планирање на просторот.

16. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да ги обезбеди средствата од сопствени приходи и да спроведе јавна набавка за геодетски работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година, доколку самостојно не е во можност да ги изврши наведените работи во предвидениот рок.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потреба од формирање на Научен комитет за генетски модифицирани организми/ГМО со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Научен комитет за генетски модифицирани организми, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Научен комитет за генетски модифицирани организми.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид Општина Пехчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување

на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, во предложениот текст.

**<u>Точка 41</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Центро - Бизнис, Виница, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Центро - Бизнис, Виница, со седиште на ул. „Кочански пат“ бб, Виница - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**<u>Точка 42</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Мис - Стон, Василево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Мис - Стон, Василево, со седиште на ул. „Нас. место без уличен систем“ бб, Василево - хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**<u>Точка 43</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за 162-та седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажана за 17.7.2019 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 2, да биде „ПРОТИВ“ одобрувањето на предлог за потврдување на тендер за избор на изведувач за работата „Управување, Надзор и Одржување на нафтоводот Солун - Скопје и на неговите помошни инсталации“.

2. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 3, да гласа „ЗА“ за одобрување на трансфер на парични средства со вкупен износ од 20.000 евра во банкарската сметка на подружницата на друштвото (Vardax branch office) во Скопје.

## Точка 44

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку - гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018-2020 година, за алокацијата за 2018 година - CRIS 2018/041-473, за седницата на Владата што ќе се одржи на 17 јули 2019 година (среда), поради потребата Секретаријатот за европски прашања и Министерството за локална самоуправа да се усогласат по содржината на Информацијата и текстот на Предлог-заклучоците.

## Точка 45

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за примена на член 41 став (2) од Законот за извршување од страна на правните лица кои водат регистри во Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 46

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година (полугодишен извештај за периодот септември 2018 - февруари 2019 година) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, согласно утврдените достигнувања во заложбата 3.2 „Можност за објавување на основните информации за јавните набавки на интернет-страниците на институциите (договорни органи во јавните набавки)", во рок од 30 дена на своите интернет страници (или ако немаат своја, на интернет-страницата на институцијата под чијашто надлежност работат), да објават линкови од објавените годишни планови за јавни набавки (и нивните измени и дополнувања), огласите за јавни набавки, известувањата за склучен договор и склучените договори и известувањето за реализиран договор за 2019 година, преку автоматско превземање на податоците од Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и истото да го вршат континуирано, како што овие документи се објавуваат на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН).

2. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа, согласно утврдените достигнувања во заложбата 3.2 „Можност за објавување на основните информации за јавните набавки на интернет-страниците на институциите (договорни органи во јавните набавки)", во рок од 30 дена на своите интернет страници да објават линкови од објавените годишни планови за јавни набавки (и нивните измени и дополнувања), огласите за јавни набавки, известувањата за

склучен договор и склучените договори и известувањето за реализиран договор за 2019 година, преку автоматско превземање на податоците од Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и истото да го вршат континуирано, како што овие документи се објавуваат на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН).

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата и воведување на нов модул во Мултиплатформскиот систем за колаборација за Е-седница на Владата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и до крајот на септември 2019 година до Владата да достави соодветно изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата, согласно содржината на оваа информација.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија по изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата да пристапи кон воведување на нов модул или надградба на постојниот Мултиплатформски систем за колаборација за Е-седница на Владата, согласно содржината на оваа информација.

**Точка 48**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот и прогресот на постапката за набавка на лабораториски тестови за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на 12 месеци, се до конечна реализација на набавката.

Исто така, Владата заклучи да престане да важи Заклучокот донесен по точка 92 од 106-та седница на Владата, одржана на 4.12.2018 година, со кој се задолжува Министерството за здравство на секои шест месеци до Владата да доставува информација за остварениот напредок во врска со постапката за набавка на лабораториски тестови за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на постапката за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија и го задолжи Министерството за

здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои 12 месеци, се до конечна реализација на набавката.

По овој повод, Владата заклучи:

- Да престане да важи Заклучокот донесен по точка 46 од 96-та седница на Владата, одржана на 22.10.2018 година, во делот со кој се задолжува Министерството за здравство на секои шест месеци до Владата да доставува информација за прогресот на активностите за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Стрновец“, Општина Старо Нагоричане, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина - Сектор за води и Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина да бидат инкорпорирани во Тендерската документација и во Договорот кој треба да биде потпишан.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Крушево, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 52**

Владата ги донесе:

1. Најновиот текст на Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Крушевска“.

2. Новиот текст на Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“.

3. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница - Делчевски“.

4. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1 - Демирхисарски“.

5. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 4 - Мариовски“.

6. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 6 - Демиркаписки“.

7. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“.

8. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“.

9. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпиље“.

10. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“.

11. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски Слив“.

12. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“.

13. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“.

14. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 2 - Тетовски“.

15. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински“.

16. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Калиманци“.

17. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона “Акумулација Матка“ и

18. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Младост, со заклучок во членот 2 од решенијата Рамиз Шаќири од Министерството за животна средина и просторно планирање да биде член, а Блаже Никчевски, од Министерството за животна средина и просторно планирање да биде заменик член, додека пак Панче Чоневски, од Министерството за финансии, да биде заменик член.

**<u>Точка 53</u>**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**<u>Точка 54</u>**

Владата го разгледа Барањето на Един Нурче за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети.

**<u>Точка 55</u>**

Владата го разгледа Барањето на Алма Демири и други за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 56**

Владата го разгледа Барањето на Алија Беќироски за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 57**

Владата го симна од Дневен ред Предлог-законот за дополнување на Законот за правда за децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, имајќи го предвид дописот доставен од групата пратеници, со кој се известува дека Предлог-законот го повлекуваат од собраниска постапка.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП) за 2019 година, Извештајот за реализирани активности на Републичкиот совет за безбеднст на сообраќајот на патиштата за 2018 година и Финансискиот извештај на Републичкиот совет за безбеднст на сообраќајот на патиштата за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на содржината на предметниот материјал, освен во делот на Извештајот за финансиско работење за 2018 година.

Имено, согласно член 374 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 98/19), заради зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата Републичкиот совет е должен секоја календарска година 30% од сопствените средства, да ги намени за модернизација на уредите и опремата на надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи која врши контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата согласно потребите и барањата од Министерството за внатрешни работи.

Во предложениот Извештај за финансиско работење за 2018 година, Републичкиот совет нема определено и прикажано средства за оваа намена.

Исто така, Владата на Република Северна Македонија укажува дека предметните извештаи се во функција на реализација на обврската согласно член 374 став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/15, 226/15,

55/16, 11/18, 83/18 и 98/19), согласно кој Финансиски извештај и извештај за реализираните активности од Годишната програма, Републичкиот совет доставува до Собранието на Република Македонија.

## <u>Точка 59</u>

Владата го симна од Дневен ред Барањето за давање на автентично толкување на член 266 став (2) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), бидејќи истото е повлечено од Собраниска постапка од страна на пратеникот Бетиане Китев.

## <u>Точка 60</u>

Владата го симна од Дневен ред Барањето за давање на автентично толкување на член 250, 251 и 252 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/19), поднесено од пратеникот Бетиане Китев, бидејќи истото е повлечено од Собраниска постапка од страна на пратеникот Бетиане Китев.

## <u>Точка 61</u>

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 10 став 1 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија" бр.52/06, 54/07, 74/12 и 99/18), поднесено од пратеникот Трајчо Димков, поради потребата Министерството за култура во соработка со Агенцијата за млади и спорт да достави ново мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## <u>Точка 62</u>

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Универзитет Американ колеџ - Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во новиот текст на Статутот на Универзитетот Американ колеџ - Скопје бр.21-875/7 од 4 јули 2019 година, вградени се сите забелешки од Владата на Република Северна Македонија.

Со оглед на тоа, Владата на Република Северна Македонија нема дополнителни забелешки и дава позитивно мислење на Статутот на Универзитетот Американ колеџ - Скопје.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100365 за КО Нов Дојран на КП бр.1253 викано место Манастир, доставена од нотар Соња Стојчева од Гевгелија и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 67074 и Имотен лист бр. 68824 за КО Маџари на КП бр. 2465 викано место/улица Зендел Джемаил и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.58701 КО Берово на КП бр.3549 викано место Сремски Фронт и по Понудата го прифати Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски за размена на недвижен имот со Имотен лист бр. 1150 КО Драчево 2 на КП бр. 10661 викано место/улица Драчево и по Понудата го прифати Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 67**

Владата го разгледа Заклучокот од извршител Елена Стрезоска од Охрид, за прва усна јавна продажба врз основа на член 179 став (1), член 181 став (1) и член 182 став (1) од Законот за извршување под И.бр.447/2018 и по Заклучокот го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 68**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 69**

1. Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 21 став (1) точка 4), а во врска со член 20 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18), поднесено од пратеникот Енес Ибрахим, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 17 јули 2019 година (среда), поради потребата Министерството за финансии и Министерство за култура да достават мислења по Барањето, секој за својот дел.

2. Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, со заклучок во текстот на Одлуката, во член 1, наместо „8.000.000,00 денари" да стои „9.000.000,00 денари".

Истовремено, Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и до Владата да достави соодветни измени на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година, согласно оваа Одлука.

Програмата се смета за донесена на оваа седница на Владата.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 8 јули 2019 година до 14 јули 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

4. По повод Барањето на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев" - Куманово до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-2014/1 од 18.6.2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на Меѓународниот театарски фестивал „Денови на комедија - Куманово 2019" во октомври, Владата заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 - Администрација, потпрограма 10 - Администрација, 464 - Разни трансфери да уплати 200.000 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект.

5. Владата заклучи Заклучокот од 142-та седница на Владата, одржана на 4.7.2019 година во врска со извршената процена од Бирото за судски вештачења на целокупниот имот на АД ГА-МА Скопје, да престане да важи и да се задолжи Генералниот секретаријат на Владата да ја плати фактурата за извршената процена.

6. Владата во врска со прославата на Националниот празник Илинден 2019 година, заклучи:

1) Организацискиот одбор за прославата на Националниот празник Илинден 2019 година е предводен од Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а составен од претставници на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претставници од секторот за односи со јавноста на Владата.

2) Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на Националниот празник Илинден 2019 година во Крушево ќе ја предводи и ќе се обрати Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во состав на Делегацијата предводена од Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, придружуван од сопругата, да бидат:

Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Хусни Исмаили, министер за култура и Бардуљ Даути, министер без ресор задолжен за странски инвестиции.

- Соња Тодоровска, Наталија Аката Пешиќ и Наза Рамани протоколарно да ја проследат Делегацијата и протоколарно да го организираат настанот.

3) Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден 2019 година која ќе биде предводена од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, м-р Талат Џафери, ќе се обрати во Пелинце.

Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на Националниот празник Илинден 2019 година во Пелинце да бидат:

Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

Се задолжува протоколот на Министерството за надворешни работи протоколарно да ја проследи Делегацијата и протоколарно да го организира настанот.

4) Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден 2019 година во Скопје ќе ја предводи и ќе се обрати Претседателот на Република Северна Македонија, д-р Стево Пендаровски.

Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на Националниот празник Илинден 2019 година во Скопје да бидат:

м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Музафер Бајрам, министер без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на ромите и д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука.

Се задолжува протоколот на Министерството за надворешни работи протоколарно да ја проследи Делегацијата и протоколарно да го организира настанот.

5) Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден 2019 година во Смилево, ќе ја предводи Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а во состав на Делегацијата да бидат Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и Едмонд Адеми, министер без ресор задолжен за дијаспора.

Се препорачува на протоколот од Општина Демир Хисар протоколарно да ја проследи владината Делегација и протоколарно да го организира настанот.

6) Координацијата на прославите за Националниот празник Илинден 2019 година ќе биде предводена од Организацискиот одбор кој ќе координира со Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

7) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Националниот празник Илинден 2019 година во Крушево според организацискиот план на Организацискиот одбор.

8) Се укажува на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Националниот празник Илинден 2019 година во Скопје.

9) Се укажува на Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Националниот празник Илинден 2019 година во Пелинце.

10) Се укажува на службите за протокол на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија да се усогласат во врска со сценаријата за одбележувањето и прославата на Националниот празник Илинден 2019 година со Организацискиот одбор за прослава на Националниот празник Илинден 2019 година.

Сценаријата да имаат детален приказ на активностите по повод одбележувањето и прославата на Националниот празник Илинден 2019 година.

11) Организацискиот одбор по усогласувањето со Кабинетот на Собранието на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија да достават целосно сценарио кое ги опфаќа сите прослави на Илинден 2019 година, организациски план како и лого и брендинг за празникот.

12) Се укажува на Јавното претпријатие Национална радио-телевизија, на 2.8.2019 година да врши директен пренос од одбележувањето на Националниот празник Илинден 2019 година од трите локации (според деталното сценарио со саатници кое ќе го добијат од Организацискиот одбор).

13) Се задолжува Министерството за одбрана - Генералштаб, да обезбеди присуство на доволен број на гардисти на локациите каде што ќе се одбележува Националниот празник Илинден 2019 година, согласно барањата на кабинетите, како и опрема за свечено положување на цвеќе, воен оркестар и шатори, тенди за прославата во Крушево, соодветно на барањата кои по писмен пат ќе ги добијат од Организацискиот одбор.

14) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали и техничка опрема за одбележувањето на Националниот празник Илинден 2019 година, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

15) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на контејнери во Крушево, Пелинце и Скопје.

16) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на мобилни тоалети во Крушево, Пелинце и Скопје.

17) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди минибуси/возила за превоз на делегациите (дипломатскиот кор) за положување цвеќе во Крушево, Пелинце и Скопје, како и превоз на соодветната техничка опрема неопходна за организација на настаните според спецификација добиена од страна на организацискиот одбор, вклучително и учесниците во културно уметничката програма, а врз основа на спецификација обезбедена од Организацискиот одбор.

18) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди столици и чадори/тенди за заштита од сонце за прославата во Крушево и за другите локации согласно барањата.

19) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за сите владини делегации за прославата на Националниот празник Илинден 2019 година.

20) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за тимовите кои ќе работат на организацијата на настаните.

21) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за делегацијата, претставниците и нивните гости на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

22) Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје ц.о., да изврши расчистување и санација на делницата од магистралниот пат до Меморијалниот центар Пелинце и патниот правец Прилеп - Крушево (особено на влезот на градот Крушево, кај бензинската станица на Макпетрол) како и да обезбеди хоризонтална сигнализација.

23) Се задолжува Министерството за здравство, од општините Прилеп и Демир Хисар да обезбеди соодветен број на медицински возила и дежурен медицински тим на 1-ви и 2-ри август за прославата во Крушево.

24) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди соодветен број на медицински возила и дежурен медицински тим во Скопје и во Пелинце за одбележувањето на Националниот празник Илинден 2019 година.

25) Се препорачува на Град Скопје и Општина Куманово да обезбедат присуство на возила за противпожарна заштита на локациите на кои ќе се одбележува Националниот празник Илинден 2019 година и да ги уредат просторите околу спомениците и Меморијалниот центар каде што ќе се одвиваат прославите.

26) Се препорачува на Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, да обезбедат по едно противпожарно возило за 1-ви и 2-ри август во Крушево.

27) Се препорачува на Општина Крушево, Град Скопје и Општина Куманово да обезбедат цистерни за вода.

28) Се задолжува ЈП за стопанисување со државните шуми Национални шуми п.о.-Скопје, да обезбеди дрвени столпчиња за означување на патеката до Мечкин Камен.

29) Се задолжува Службата за односи со јавноста на Владата, да подготви лого по повод прославата и во најкус можен рок за тоа да го информира Организациониот одбор за прослава на Националниот празник Илинден 2019 година.

30) Се задолжува Министерството за култура да ги обезбеди средствата и контактите за културно уметничката програма (испланирана во сценариото од страна на Организацискиот одбор).

31) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги обезбеди средствата, да ги исконтактира и да ги организира водителите и музичките изведувачи за прославата во Крушево.

32) Се задолжува Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди воен оркестар кој ќе добие спецификации од сценариото на Организацискиот одбор.

33) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на Националниот празник Илинден 2019 година.

34) Секторот за односи со јавноста изработеното лого за Националниот празник Илинден 2019 година да го достави до сите национални телевизии, со цел да се емитува на денот на празнувањето на Националниот празник Илинден 2019 година.

35) Одделението за протокол и преведување на Владата на Република Северна Македонија да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска и печатена форма, не подоцна од две недели пред настанот, да ги прифати потврдите и врз основа на истите да изработи протоколарна листа за Илинден 2019 година - Крушево, вклучително и скица со распоред за седење на гостите.

36) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, преку СВР Битола, да го организира сообраќајот и да обезбеди соодветен тек на моторни возила во Крушево на Мечкин Камен, по повод прославата на Националниот празник Илинден 2019 година.

37) Се препорачува на Општина Прилеп да обезбеди теренски возила за прославата на Националниот празник Илинден 2019 година во Крушево.

## Точка 70

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП „Стрежево" - Битола за првото тримесечје од 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 71

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период 1.10.2018 - 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Надлежните органи да преземат мерки за намалување на непродуктивните трошоци во тековното работење на Друштвото.

2. АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје до Владата да достави образложение за постигнатиот ефект на намалување на ненаплатени побарувања со преземените мерки на надлежните органи на Друштвото (доставување на опомени, барања за извршување и слично) во рок од 15 дена.

3. Извештаите за работењето на Друштвото во иднина да бидат навремено доставувани, односно веднаш по завршувањето на периодот за кој се однесуваат.

4. АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во соработка со Министерството за транспорт и врски, да пристапи кон измена на Уредбата за Методологија за утврдување на вредноста на станот, како и Методологијата за утврдување на висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена.

## Точка 72

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Преддоговор за уредување на меѓусебните права и обврски за соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул.„Симеон Кавракиров“ бр.5 и бр.7 во Скопје со ДГТУ Бауер БГ ДОО Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 73

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул.„Вангел Тодоровски“ бр.15 и 17 во Скопје со Саник билдинг ДООЕЛ Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за нови позитивни случаи на инфективна анемија кај копитари (за периодот од 1 октомври 2017 година до 30 јуни 2019 година), како материјал за информирање.

## Точка 75

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за 2018 година, со дополнувањето кон него, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на вон наставните активности во училиштата поврзани со антикорупциска едукација на учениците, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за сите наплатени средства за 2018 година по основ на платен концесиски надоместок за доделени концесии за детални геолошки истражувања и за експлоатација на минерални суровини, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија за 2018 година, како материјал за информирање, со укажување: Во делот (Активности за подобрување на легислативата - Нов закон за извршување на санкциите), да се дополни во смисла дека новиот Закон за извршување на санкциите е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/19.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на постапката за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од зајакнување на патронажната дејност и пружање на здравствени услуги во заедницата, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за евалуација на критериумите за најповолна понуда, дел од постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, како материјал за информирање.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 83

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Градско Балдовци, Општина Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Градско Балдовци, Општина Струмица, во предложениот текст.

## Точка 84

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Воведување на вакцинација против пневмокок и рота вирус", поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 85

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 86

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на видот и висината на месечните парични примања за намирување на неопходните лични потреби и патните трошоци за доаѓање на Академијата и враќање дома на почетокот и крајот на секоја студиска година и при полугодишниот распуст, како и патни трошоци при упатување на пракса од Академијата одобрени од деканот на Академијата за време на студиите на питомците и на лицата кои се упатени на стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии за потребите на Армијата, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за Спогодба за соработка помеѓу Канцеларијата за информациски технологии и електронска управа на Република Србија и Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија во областа на дигиталната трансформација, со текст на Спогодба и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и усвои текстот на Спогодбата за соработка помеѓу Канцеларијата за информациски технологии и електронска управа и Министерство за информатичко општество и администрација во областа на дигиталната трансформација.

2. Се овластува Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, да ја потпише Спогодбата за соработка помеѓу Канцеларијата за информациски технологии и електронска управа и Министерство за информатичко општество и администрација во областа на дигиталната трансформација.

**Точка 88**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за формирање Работна група за презентација на Република Северна Македонија на ITU Telecom World 2019 и ја увои со следните заклучоци:

1.. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија и Министерството за надворешни работи, а им се препорачува на Агенцијата за електронски комуникации и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, до Министерството за информатичко општество и администрација да достават номинации за член и заменик член во работната група за подготовка на учеството на делегација на ITU Telecom World 2019, најдоцна до 19 јули 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да формира работна група за подготовка на учеството на делегација на ITU Telecom World 2019 најдоцна до 24 јули 2019 година.

3. Се задолжува министерот за информатичко општество и администрација да ја состави и предводи делегацијата на Република Северна Македонија на ITU Telecom World 2019 во Будимпешта, Унгарија.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за Анализа на состојбата на ИКТ кадар во администрацијата и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа, во рок од 10 дена по добивањето на известување од Министерството за информатичко општество и администрација пратено по електронска пошта до овластените лица од ХРМИС, да ја пополнат анкетата за Анализа на состојбата на ИКТ кадар во администрацијата со бараните податоци.

**Точка 90**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 105 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019), поднесено од пратеникот Драган Данев и притоа го утврди следново мислење:

Со член 105 став (3) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019) е определено дека:

„(3) Дополнителен извор на средствата за финансирање на МРТ се донации, продажба на програма и услуги, како и средства остварени од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио и аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот.".

Имајќи ја предвид тенденцијата на законодавецот во однос на средствата потребни за непречено работење на јавниот радиодифузен сервис, покрај средствата обезбедени од буџетот, како што е определено со став (1) од истиот член, предвидел и можност за дополнителен извор на средства кои произлегуваат од дејноста на МРТ.

Со член 105 став (3) е обезбедена можноста за МРТ да остварува дополнителни средства преку емитување на реклами (аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации) во рамки на емитување на конкретни програмски содржини, за кои МРТ има авторски права за емитување. Така на пример: доколку МРТ има склучено договор за пренос на Европско првенство во ракомет со Европската ракометна федерација, МРТ има право во текот на преносот на натпреварите да емитува реклами од приватни правни лица, согласно условите од договорот кој МРТ го потпишала со EHF. Овој пример во однос на емитувањето на реклами, за кои МРТ има право да наплаќа надомест, е применлив за сите договори кои МРТ може да ги склучи врз основа на член 105 став (3) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Конкретно, со член 105 став (3) јасно е дефиниран и начинот и условите под кои може да се остварат овие дополнителни средства при емитување на авторски права, а во вршењето на радиодифузната дејност.

Имено:
- Под „...средства остварени од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации...“ се подразбира дека МРТ има право да наплаќа за реклами кои се емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио и аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот,
- Под „...емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори...“ се подразбира дека рекламите за кои МРТ ќе наплаќа одреден надомест од приватни правни лица, ќе може да се емитуваат како реклами во рамки на емитувањето на конкретната програмска содржина како авторско дело,
- Под „...со обезбедувачи на аудио и аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот.“ се подразбира дека МРТ може да склучи договор за емитување на конкретна програмска содржина со имателот на авторските права за нејзино емитување, односно обезбедувачот на аудио и аудиовизуелни дела, како вид на авторски дела, согласно условите определени со договорот за емитување на делото.

Сето ова е во согласност и со одредбите од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/2010, 140/2010, 51/2011, 147/2013, 154/2015 и 27/2016).

Владата на Република Северна Македонија, имајќи го предвид суштинското значење на овој закон, процесот на неговото донесување и широката јавна расправа, а особено земајќи го предвид и јавниот интерес и владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок, смета дека заради потребите на МРТ соодветно е да се даде предложеново мислење за автентично толкување за кое е поведена постапка за давање на автентично толкување за членот 105 став (3) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019) од страна на пратеникот Драган Данев согласно Деловникот за работа на Собранието на Република Северна Македонија.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:05 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |